РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп 1 Бр. 07-341

Скопје 15.9.2014г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 15, а во врска со член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14 44/14, 101/14, 132/14), согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 15 став 1 алинеја 19, а во врска со член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Предлогот Уп 1 бр.07-341 од 10.09.2014 година на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-4469/4 од 12.09.2014 година, на 9-та седница одржана на 12.09.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност**

1. СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино бр.07-3478/1 од 27.11.2008 година, поради престанок на важноста на дозволата по сила на закон.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 6-та седница одржана на ден 21.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-4230/2 од 21.08.2014 година, го усвои Предлогот на в.д. Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп 1 бр.07-341 од 19.08.2014 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Во врска со наведеното, Агенцијата до ТРД ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино испрати Известување Уп 1 бр.07-341 од 21.08.2014 година, во кое му беше укажано дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за вршење радио емитување согласно член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на в.д. Директорот на Агенцијата Уп 1 бр.07-341 од 19.08.2014 година, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност бр.07-3478/1 од 27.11.2008 година.

На ден 01.09.2014 година, радиодифузерот - ТРД ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино, до Агенцијата достави допис Уп 1 бр.07-341, во кој е наведено дека ТРД ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино не е во можност да го плаќа годишниот надомест за дозволата за вршење радиодифузна дејност на територија на општина Неготино и дека решиле да ја прекинат програмата и да го затворат радиото.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важноста на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Имајќи ги предвид напред наведените одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и доставениот допис од радиодифузерот Уп 1 бр.07-341 од 01.09.2014 година, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино од регистарот на радиодифузери, за што в.д. Директорот на Агенцијата донесе Решение Уп 1 бр.07-341 од 02.09.2014 година.

Следствено на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеја 15, а во врска со член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14 44/14, 101/14, 132/14), согласно член 134 став 4 и член 223 став 1 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија”, бр.38/05, 110/08 и 51/11), член 15 став 1 алинеја 19, а во врска со член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Предлогот Уп 1 бр.07-341 од 10.09.2014 година на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-4469/4 од 12.09.2014 година, на 9-та седница одржана на 12.09.2014 година, одлучи да ја запре поведената постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Врз основа на погоре наведеното се донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател**
**на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Согласно член 225 став 1 од Законот за општата управна постапка, против овој заклучок не е допуштена посебна жалба.

Примерок од Заклучокот да се достави до:
- Трговското радиодифузно друштво „ПРОДУКЦИЈА - ЛГН“ експорт – импорт ДОО Неготино;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво „ПРОДУКЦИЈА ЛГН“ експорт – импорт ДОО Неготино;
- Секретаријатот на Агенцијата – архива;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;